АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Pranuar: 27-04.2023
Орг. единица Njësia org.: 10 | Број Numër: 1940 | Прилог Shtese: 1 | Вредност Vlere:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2022 година

3. **Период опфатен со надзорот:** 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 април 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 15 став 5 од Законот за медиуми** („Службен весник на РМ“ бр. 184/13 и 13/14)
  („Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа“)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Од вкупно 106 радиодифузери што емитуваа програма во 2022 година, 104[1] ја исполнија обврската да достават извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, од нив 42 телевизии и 62 радија.

Во законски утврдениот рок, до 31 март во тековната година, извештаите ги доставија вкупно 36 телевизии и 56 радија.

---

[1] - ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, не е опфатено во Извештајот, бидејќи дозволата за емитување ја доби во ноември 2022 година.

Следниве радиодифузери ги доставија извештаите по 31 март 2023 година: РА Галакси-2002, РА Балкан, РА Кочани, РА Ред ФМ, Импулс Радио, РА Хит ФМ (Лидер), ТВ Сител, ТВ-СТАР, ТВ КОБРА,ТВ Гурра, ТВ ИРИС и ТВ Феста.

РА ПРО-ФМ воопшто не достави писмен извештај. За радиодифузерот е направен посебен извештај за непочитување на одредбите од членот 15 став 5 од Законот за медиуми со предлог за изрекување мерка.

Според податоците од доставените извештаи, сите радиодифузери генерално биле во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување.

Од анализата ги издвојуваме следниве податоци:

**Телевизии**

Во 2022 година, најголем дел од телевизиите неделно емитувале по 168 часа програма.

Вкупно 39 ТВ наведоа дека направиле извесни промени во структурата на емитуваната програма, односно во однос на видовите програми со информативна, образовна и забавна функција и нивното времетраење *(36 телевизии направиле делумна промена кај некои од видовите програми од сите три функции, а 3 телевизии направиле промена кај програмите што исполнуваат две медиумски функции)*.

Кај 30 телевизии, до 50% од вкупната годишна програма била создадена надвор од нивните простории, а кај останатите, надвор била создадена повеќе од половина од емитуваната програма.

Телевизиите кои емитувале програма од сопствено производство, главно се држеле во рамките на обемот пријавен во програмските концепти од дозволите. Но, речиси кај сите нив сопственото производство било фокусирано на програми со информативна функција.

Од вкупно 33 регионални и локални телевизии кои имаат обврска за емитување програми во кои ќе третираат настани, информации и други содржини од подрачјето на кое го емитуваат програмскиот сервис, 14 телевизии известија дека локални информации доминантно обезбедиле во програми со информативна функција.

Во однос на обработката на седмичната програма според јазикот на емитување, просечно кај сите телевизии заедно доминирала програмата изворно создадена на јазикот од дозволата со 69 проценти. Потоа, следи титлуваната програма, нахсинхронизираната, а неколку телевизии пријавиле и одреден процент истовремено титлувана и нахсинхронизирана програма.

Една третина (14 ТВ) од вкупниот број телевизии, минатата година емитувале програма и содржини прилагодени за лица со сетилна попреченост.

Вкупно 35 телевизии емитувале програми за деца, а 21 телевизија емитувале вести произведени од странски сервиси, поточно, вестите на *Гласот на Америка*, *Ројтерс* и *Дојче Веле*.

Во однос на законската обврска за емитување на најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела на дневно ниво, 33 телевизии изјавија дека емитувале повеќе од законскиот минимум, а останатите биле во рамките на законскиот минимум.

Во текот на годината, 31 телевизија емитувала програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, а вкупно 37 пак, емитувале домашна музика.

На 9 од телевизиите, програмските сервиси се реемитувале во странство.

Вкупно 32 телевизии минатата година одржувале веб страници, но без алатки кои би им го олесниле пристапот на лицата со сетилна попреченост (оштетен слух и вид).

На 26 телевизии, програмата или нејзини делови им била достапна и на интернет, во живо (стриминг), а кај 9 од нив, по барање (on demand).

Кај најголем дел од нив проблемите со кои се соочиле при исполнување на програмскиот концепт минатата година, биле од финансиска природа.

**Радија**

Според доставените податоци за 2022 година, 57 радија емитувале 168 часа програма неделно, три радија емитувале помалку, а две радија не одговориле на ова прашање.

Музиката, кај сите 62 радија доминирала во структурата на емитуваната неделна програма.

Во однос на структурата на говорниот дел од неделната програма, кај поголемиот дел од радијата, односно кај 31 радио доминирале содржините со забавна функција, кај 18 радија информативните содржини, а кај две радија содржините со образовна функција. Едно радио емитувало еднаков процент програми со информативна и со забавна функција, а едно радио не одговорило на ова прашање. Во овие податоци не се вклучени 9 радија кои според форматот се музички радија и кај кои говорот изнесува до 5% од вкупната програма.

Вкупно 24 радија емитувале до 20 часа сопствена програма на неделно ниво, а 23 радија емитувале над 20 часа сопствена програма.

Согласно дозволите за радио емитување, четири радија имаат обврска програмата да ја емитуваат на повеќе јазици. Македонскиот јазик бил доминантен кај две од радијата, а другите две доминантно емитувале програма на албански, односно на турски јазик.

Според доставените податоци, 35 радија пријавија дека во 2022 година емитувале вести од сопствено производство и тоа: кратки вести до 5 минути емитувале 13 радија, 17 радија емитувале вести од 5 до 15 минути, две радија емитувале вести над 15 минути, а три радија не го навеле времетраењето на вестите.

Вести произведени од друг домашен радиодифузер, агенција или пак од странски сервис во 2022 година емитувале вкупно 12 радија. Најмногу биле пренесувани вестите од МИА и вестите од *Гласот на Америка* и *Радио Слободна Европа.*

Во однос на прашањето во кои програми третирале настани, информации и други содржини од подрачјето на кое го емитуваат програмскиот сервис, десет од радијата тоа го сториле во емисии од информативен карактер, седум радија во програми со забавна функција, а три радија во програми со образовна функција. Осум радија навеле наслови на програми еднакво од информативна и забавна функција, а шест радија навеле наслови на програми подеднакво од информативна, забавна и образовна функција. Оваа обврска не важеше за 13 радија (радио сервисите на државно ниво и музичките радија - до 5% говор).

Само 19 радија пријавиле дека во текот на годината емитувале програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура. Кај 12 од нив времетраењето на програмите било до 100 часа, кај останатите над 100 часа.

Во однос на структурата на емитуваната музика, најзастапена била популарната музика (кај 44 радија), 15 радија најмногу емитувале народна музика, а три радија емитувале еднакво популарна и народна музика.

Во однос на јазикот на емитуваната музика, преовладувала музиката на македонски јазик и на англиски јазик.

Од вкупно 62 радија, 51 радио емитувало домашна музика која е изворно создадена во државата, на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство.

Во текот на 2022 година седум радија се соочиле со проблеми во работењето и тоа проблеми од технички, финансиски и кадровски причини.

Минатата година кај едно радио програмскиот сервис се реемитувал во државата, а кај две радија програмскиот сервис се реемитувал и во државата и во странство.

Само три радија пријавија дека нивниот веб сајт бил достапен и за лица со сетилна попреченост (оштетен слух и вид).

На вкупно 52 радија програмата или нејзини делови биле достапни преку интернет, најчесто во живо (streaming).

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***